| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ижиште, Општина Македонски Брод |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот** | ТИМ Проект ДООЕЛ Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Тонка Ромева, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0447 |
| **Назив на работното место** | Планер потписник |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. Љубљанска 6/1-16, Скопје-Карпош<br>тел: 075424277<br>e-mail: timproekt@yahoo.com |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Изработката на планската документација за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ижиште, Општина Макеоднски Брод да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање. Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Северна Македонија. Просторот во предметниот плански опфат треба да се планира врз основа на Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот, а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање се издава Решение за Услови за планирање на просторот.<br>- Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и<br>- Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да - Енергетика. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| **Да ☐**<br>**Не ☒** | **Член:** | **Точка** | **Алинеја:** |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**<br><br>Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**<br>Да, Планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ижиште, Општина Македонски Брод опфаќа дел од повеќе катастарски општини на територија на Општина Македонски Брод и тоа КО Ижиште и зафаќа површина од 236955 m² или 23,70 ha. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**<br>Една од основните цели на просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување. Во напорите за унапредување на квалитетот на живеење, посебно тежиште се дава унапредувањето и заштита на средината. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори што е еден од основните приоритети во одржливиот развој. |

Основна цел на урбанистичкиот план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на опфатот и постојните плански документации од повиско ниво. Концептот на организација на просторот во рамките на предметниот плански опфат и општи цели на изработувањето и донесувањето Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ижиште, Општина Македонски Брод е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени во Просторниот план на РМ, урбанизација и рационално уредување на просторот и одржлив развој, дефинирање на наменска употреба на земјиштето и пропратни содржини, како и заштита и унапредување на животната средина и културното наследство, а пред се почитувајќи ја важечката законска регулатива во планирањето и уредување на просторот.
Специфичните потреби во рамки на опфатот кои треба да се задоволат со овој на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори се:
- уточнување на крајните граници на планираните површини за градба со катастарските парцели со цел непречена реализација:
- почитување на изградениот градежен фонд (супраструктура и инфраструктура);
- планирање на соодветна инфраструктура и комунална супраструктура со која непречено ќе се опслужуваат сите планирани содржини во просторот;
- задоволување на потребите на крајните корисници на просторот до мерка до која нема да се загрози општото добро;
Можностите за просторен развој во рамки на опфатот се движат во рамки на создадавање на подобри услови и примена на посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот со примена на мерки со кои ќе се задоволат посебните интереси на просторниот развој. Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори претставува развоен документ со цел:
• рамномерен просторен развој
• рационално уредување и користење на земјиштето
• одржлив просторен развој обезбеден со разумно користење на просторот и заштита на природата, природните добра и животната средина
• почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
• вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
• вградување мерки за заштита и спасување,
• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
• вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
• почитување на законските прописи за дадената намена
• утврдување на параметрите и насоките за изработка на соодветна Урбанистичко планска документација, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25)
• пропишување на општите и посебните услови за градење, преку параметри, кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба.
Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.
Со изработка на Урбанистичкиот план треба да се овозможи планско решение за планираните градежни парцели, нивната функционалност, диспозиција и капацитетот и максимално користење на просторот од сите аспекти. Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од постојната состојба во важечките плански документации кои го третираат планскиот опфат, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на изработка на планската документација.

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**
Планирање на просторот – инфраструктура.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**
2025 – 2035 год

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**
/

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ижиште, Општина Македонски Брод опфаќа дел од повеќе катастарски парцели на територија на Општина Македонски Брод и тоа катастарска парцела КП 1025, КП 1026, дел од катастарска парцела КП 1028, дел од КП 1029, КП 1030/1, дел од КП 1030/2 и дел од КП 743, КО Ижиште. Површината на планскиот опфат за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ижиште, Општина Македонски Брод изнесува 23,70 ха. Фотоволтаичната електрана е со моќност од 20 MW. Границата на планскиот опфат на се движи како што следи:

- на **север** границата започнува од точката 1 и поминува низ КП 743, КО Ижиште, во југоисточен правец сè до точка 2, каде скршнува кон североисток сè до точката 3, од каде скршнува кон исток и коинцидира со дел од граница на КП 743, КО Ижиште сè до најсеверната точка 4;

- на **исток** границата започнува да се движи од најсеверната точка 4 во јужен правец долж границата на КП 743, КП 1025, КО Ижиште, поминува низ КП 1028, КП 1030/2, КП 1029, КО Ижиште, а потоа коинцидираа со дел од границата на КП 1030/2, КО Ижиште и продолжува во истиот правец поминувајќи низ КП 1029, КО Ижиште, сè до најјужната точка 51;

- на **југ** границата започнува во најјужната точка 51 и се движи во западен правец долж јужната граница на КП 1030/1, КО Ижиште, сè до точка 87;

- на **запад** границата започнува да се движи од тточка 87 во северен правец долж западната граница на КП 1030/1, КО Ижиште и дел од западната граница на КП 743, КО Ижиште, сè до почетната точка 1.






.

| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| **Очекувани позитивни влијанија:**<br>Реализацијата на проектот за производство на електрична енергија од обновливи извори (фотонапонски панели) ќе придонесе за намалување на зависноста од фосилни горива и намалување на емисиите на стакленички гасови на национално ниво. Проектот ќе има позитивно влијание врз квалитетот на живеењето, ќе овозможи поефикасно снабдување со електрична енергија во руралните средини и ќе го поттикне одржливиот развој. Воведувањето на алтернативни извори на енергија овозможува рационално користење и заштеда на необновливите ресурси, што претставува еден од главните приоритети во одржливото управување со животната средина.<br>**Очекувани негативни влијанија:** |

Во градежната фаза на проектот можно е појава на краткотрајни негативни влијанија, како емисии на прашина и издувни гасови од градежната механизација и транспортните активности, како и нарушување на тишината. Исто така, може да се јават влијанија од несоодветно постапување со отпадот создаден при изведбата на градежните работи.
Поставувањето и користењето на фотоволтаични системи генерално има позитивно влијание врз животната средина, пред сè поради намалените емисии на стакленички гасови и користењето на чиста, обновлива енергија која не го загадува воздухот, водата и почвата. Во оперативната фаза влијанијата се минимални, а потребата од вода е речиси непостоечка. Негативните ефекти како прашина, бучава и емисии од машинеријата се ограничени на периодот на изградба и можат ефективно да се контролираат со соодветни мерки. Поради тоа, може да се заклучи дека позитивните влијанија преовладуваат.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста за позитивните влијанија е висока, со оглед на тоа што проектот има јасно дефинирани цели за подобрување на локалната еколошка и социо-економска состојба. Тие влијанија се јавуваат континуирано и се долгорочни, при што најголемиот дел од нив се неповратни, односно оставаат траен позитивен ефект (како подобрување на квалитетот на животната средина и зголемена јавна свест). Од друга страна, негативните влијанија се со средна до висока веројатност, но се краткотрајни, јавуваат повремено (претежно во фазата на изградба) и најчесто се повратни, бидејќи може да се ублажат или отстранат со соодветни мерки за заштита и санација. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Кумулативната природа на влијанијата укажува дека ефектите од проектот не се јавуваат изолирано, туку се надоврзуваат на постоечки влијанија од други активности во регионот. Во контекст на животната средина, позитивни ефекти како подобрување на биодиверзитетот, зачувување на екосистемите и зголемена еколошка свест можат да се засилат преку слични локални иницијативи и политики. Од друга страна, негативните влијанија, особено оние поврзани со градежната фаза (бучава, нарушување на хабитати, привремено загадување), може да се акумулираат со ефекти од други проекти, создавајќи краткорочно зголемено оптоварување врз животната средина и јавното здравје. Затоа е неопходно навремено планирање и примена на мерки за управување со кумулативните влијанија.<br>Со оглед на карактерот и обемот на проектот, не се очекуваат значајни негативни кумулативни влијанија. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Согласно проектната локација имплементацијата на проектот не се очекува да има прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Ризиците по здравјето на луѓето и животната средина како резултат на можни несреќи се оценуваат како ниски, но не се исклучуваат во целост. Потенцијалните инциденти може да вклучуваат дефекти на опрема, истекување на горива или масла, пожари или нарушување на чувствителни природни подрачја за време на теренските активности. Без примена на соодветни мерки за безбедност и заштита, овие ситуации може да предизвикаат краткорочна контаминација, повреди кај работниците или негативни ефекти врз локалните екосистеми. Затоа е неопходно доследно почитување на безбедносните процедури, континуирана обука на персоналот и подготовка на ефективни планови за итно постапување при несреќи.<br>Фотоволтаичните централи генерално се сметаат за безбедни и нема докази дека имаат директен негативен ефект врз здравјето на луѓето. Соларните панели и поврзаната опрема |

| | |
|---|---|
| | произведуваат многу ниско ниво на електромагнетно зрачење, кое е далеку под границите за безбедност поставени од здравствените организации. Фотоволтаичните централи не произведуваат значителна бука која би можела да влијае на здравјето. Кога фотоволтаичните панели се во употреба, тие не емитуваат штетни хемикалии или гасови. При производство и ракување со некои компоненти може да има потенцијален ризик, но не и во редовна употреба. Фотоволтаичните централи се една од најчистите и најбезбедните технологии за производство на електрична енергија од аспект на здравје и животна средина. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Опсегот и просторниот обем на влијанијата е ограничен и локализиран во рамките на подрачјето каде се спроведуваат активностите во фазата на изградба, без значајно ширење надвор од границите на проектната локација, односно ќе се одвива на територијата на Селото Ижиште. Во околината на село Ижиште, кое се наоѓа во западниот дел на Република Македонија, се наоѓаат неколку села кои денес се водат како целосно ненаселени.<br>Во граници на планскиот опфат нема објекти со намена домување односно нема жители. Поширoката популација и околни заедници не се очекува да бидат директно засегнати од влијанијата во фазата на изградба.<br><br>Кога фотоволтаиците ќе започнат да работат, влијанието на животната средина и здравјето на луѓето ќе се прошири од локално на пошироко географско ниво. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**<br>Село Ижиште, во општина Македонски Брод, е мало рурално населено место кое, како и многу други села во западна Македонија, се соочува со социо-економски предизвици: стареење на населението, иселување на младите, намалени економски активности и ограничен пристап до јавни услуги. Во таков контекст, планираната изградба на проектот во околината на Македонски Брод, кој ќе вклучува и територии блиски до Ижиште, претставува значаен фактор кој може да влијае на социо-економските услови во селото.<br><br>Социјално, проектот ќе ја подобри инфраструктурата на локалното подрачје и ќе придонесе во економскиот развој преку зголемување на побарувачката за услуги и стоки, што ќе има позитивен ефект на квалитетот на животот во заедниците околу фотоволтаиците. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Областа со реализација на планираниот проект ќе добие зголемена вредност. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На подрачјето на катастарската општина Ижиште, која е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата:<br>- Црква „Св. Никола“, Ижиште.<br><br>Со теренскиот увид на дадената локација се констатира дека на просторот од предметниот урбанистички план не постои евидентирано културно наследство.<br>Доколку при изведување на земјените работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива Закон за заштита културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство. |

| | |
|---|---|
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Надминувањето на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности може да се случи ако не се применат соодветни мерки за контрола и мониторинг на потенцијалните влијанија на проектот. Во подготвителната и конструктивната фаза, ризикот од надминување на граничните вредности за бучава, прашина и отпадни води може да се појави доколку не се следат пропишаните стандарди за заштита на животната средина. Во оперативната фаза, постои можност од рефлектирање на сончева светлина од панелите, што може да влијае на локалната заедница привремено. Сепак, со оглед на природата и обемот на проектот, не се очекуваат надминувања на стандардите и граничните вредности, доколку се спроведуваат предвидените мерки. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површина за градба со намена во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25). Земјиштето во планскиот опфат по донесување на планот ќе добие статус на градежно земјиште согласно член 48, став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25). Во рамки на овој проект не се предвидува интензивна употреба на земјиштето, ниту во фазата на изградба, ниту во фазата на оперативно функционирање. Во текот на градежната фаза ќе се извршат минимални интервенции, како што се локализирани ископи за поставување темели на фотоволтаичните панели и евентуално уредување на привремени пристапни патеки. Овие активности се временски ограничени и не предизвикуваат долгорочна деградација или трајна трансформација на земјиштето. Дополнително, ќе се применуваат соодветни мерки за заштита на теренот по завршување на градежните работи. Во фазата на редовно работење, проектот подразбира низок степен на интервенција врз животната средина и земјиштето, бидејќи соларните панели се поставени над земјата и не го попречуваат нејзиното понатамошно користење. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја подрачја.** | Согласно дописот од Сектор за природа, Управа за животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање со арх.бр 11-1092/2 од 22.04.2025 година утврдено е дека планскиот опфат не влегува во граници на заштитени подрачја утврдени со закон и истиот не е во границите на Емералд подрачје и идентификуваните Натура 2000 подрачја во Република Северна Македонија. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Изработката на планската документација ќе овозможи спроведување на урбанистички план, со што ќе се поттикнат домашни и странски инвестиции од различни економски сектори. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br><br>Во непосредна близина на проектниот опфат нема резиденцијални објекти и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба.<br><br>Планскиот опфат со својата местоположба припаѓа на катастарска општина КО Ижиште и се наоѓа на територијата на Општина Макеоднски Брод.<br>Границата на проектниот опфат се движи како што следи:<br>На север границата започнува во точка 1 и поминува низ КП 743, КО Ижиште, во југоисточен правец сè до точка 2, каде скршнува кон североисток сè до точката 3, од каде скршнува кон исток и коинцидира со дел од граница на КП 743, КО Ижиште сè до најсеверната точка 4;<br>- На исток границата започнува да се движи од најсеверната точка 4 во јужен правец долж границата на КП 743, КП 1025, КО Ижиште, поминува низ КП 1028, КП 1030/2, КП 1029, КО Ижиште, а потоа коинцидираа со дел од границата на КП 1030/2, КО Ижиште и продолжува во истиот правец поминувајќи низ КП 1029, КО Ижиште, сè до најјужната точка 51;<br>- На југ границата започнува во најјужната точка 51 и се движи во западен правец долж јужната граница на КП 1030/1, КО Ижиште, сè до точка 87;<br>- На запад границата започнува да се движи од точка 87 во северен правец долж западната граница на КП 1030/1, КО Ижиште и дел од западната граница на КП 743, КО Ижиште, сè до почетната точка 1. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**<br><br>Подрачјето на Ижиште, општина Македонски Брод, се карактеризира со релативно чиста животна средина, без значајни индустриски извори на загадување. Квалитетот на воздухот е генерално поволен поради доминација на природни површини, ниско индустриско влијание и ретка урбанизација. Може да се појават локални емисии од индивидуално греење и сообраќај. Водните ресурси во регионот се добро заштитени, застапени се мали водотеци и извори кои имаат локално хидролошко значење, а истите се главно чисти поради ниска антропогена активност. Што се однесува до почвата се претежно планинско-ридски почви со добри природни својства, погодни за пасишта. Во делови каде се обработува земјата, постои ризик од ерозија и деградација при интензивна употреба, но генерално е зачувана поради ограничен број на земјоделски активности. При реализирањето на градежни активности, вклучително и изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани, се применуваат мерки за заштита од ерозија и контаминација, со цел да се спречат негативни влијанија врз животната средина. Воопшто, степенот на загадување на животната средина во Ижиште е низок до умерен, при што површинските соларни и фотоволтаични електрани како проект за обновлива енергија дополнително ќе придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови во регионот. За да се зачува овој квалитет, се спроведува континуирано мониторирање на воздухот, водите и почвата, а сите активности се усогласуваат со релевантните еколошки стандарди и законски регулативи. Истовремено, преку едукација на |

локалното население се поттикнува свеста за важноста од заштита на животната средина, со што се обезбедува одржлив развој и подобрување на квалитетот на живот во овој дел од општината.

Фотоволтаиците се клучни за намалување на негативните еколошки ефекти на традиционалните извори на енергија, земајќи во предвид дека енергијата на сончевото зрачење претставува најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, кој не ја загадува околината, при разработка на влијанијата од површинските соларни и фотоволтаични електрани врз животната средина констатирано е дека истите не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Изработката и спроведувањето на плански документ за изградба на фотонапонска електроцентрала претставува важен чекор кон обезбедување на одржливи извори на енергија. Активноста што ќе се спроведе според планскиот документ, очекувано ќе има минимално негативно влијание врз поединечни елементи на животната средина, со слаб интензитет и само на локално ниво. Поставувањето на фотонапонски електрани може да доведе до создавање отпад, кој треба внимателно да се управува за да се избегне штетно влијание врз животната средина, живиот свет и здравјето на луѓето.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Планскиот документ е поврзан со следните плански документи:

- Просторен план на Република Македонија (2004 – 2020);
- Стратегија за искористување на обновливи извори на енергија во Република Македонија до 2020 година;
- Стратегија за развој на енергетиката до 2030 година и т.н

Изградбата на фотоволтаичната електрана создава услови за организирано и ефикасно користење на просторот, обезбедува стабилност во снабдувањето со електрична енергија, односно одржливо производство на енергија, отворање на нови работни места, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на емисиите на стакленички гасови и зголемување на енергетската ефикасност.
Имплементацијата на урбанистичката документација со цел користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на националните цели за одржлив развој преку намалување на вкупните емисии во воздухот од производството на електрична енергија со користење фосилни горива.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот плански опфат не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Доколку на ниво на проектна документација се утврди потреба од изработка на Елаборат за заштита на животната средина, да се даде посебен осврт во анализите кои се однесуваат на населението (социо-економски аспект), здравје на населението, воздух и климатски промени, вода, почва, биолошка разновидност, природно и културно наследство, предел, материјални добра, отпад, бучава, вибрации, несреќи и хаварии и сл.

Сите можни влијанија да се анализираат во градежна, оперативна и постоперативна и фаза и да се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер за транспорт**<br>Александар Николоски |
| Датум: 20.11.2025<br>Место:<br>67-2041/28 | **М.П.** |